# ПРАВИЛА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И НАЈАВА

Нотарската комора на Република Северна Македонија презема мерки на тајност и заштита на обработката на личните податоци за субјектите (нотарите), кои се употребуваат во делот на процесот на регистрација и најава, на следниот начин:

- се обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци,

- се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели.

- соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат („минимален обем на податоци").

## I. ПОСТАПКА ЗА НАЈАВА

На левиот горен агол има копче за НАЈАВА за нотарите кои веќе се регистрирани и се појавува страна за внесување на корисничко име и лозинка.



## II. ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Нотарите кои сакаат да отворат нова сметка треба да кликнат на копчето Немате сметка?




Се појавува табела во која треба да се внесат следните податоци: Име, Корисничко име, Шифра, Потврда на шифра, Е-пошта и потврда на Е-пошта. Откако се пополнуваат овие податоци се кликнува на копчето ЗАЧЛЕНИ (текст следна страна)



и се појавува страна со Порака кој вели: Порака

Вашата сметка е создадена и на е-поштата која ја внесовте ви е еиспратена врска за верификација. Кога ќе ја добиете поракатa ќе морате да ја одберете врската за верификација за потоа администраторот да ја одобри вашата сметка пред да можете да ја користите.




нотарот кој поднел барање за пристап на веб-страната на нотарска комора, добива мејл со линк за активирање на сметката.

| |
|---|
| Здраво НН,<br><br>благодариме што се зачленивте на NKRM. Вашата сметка е создадена но мора да биде верификувана пред да можете да ја користите.<br>За да ја верификувате сметката одберете ја следната врска или копирајте ја и вметнете ја во вашиот пребарувач:<br><br>https://www.nkrm.org.mk/index.php/najava?task=registration.activate&token=c25173f3cac70e7736fe7eacc25271cc<br><br>По верификацијата администраторот ќе биде известен за да ја активира сметката. Ќе добиете потврда кога тоа ќе биде сторено.<br>Откако сметката ќе биде активирана ќе можете да се најавите на https://www.nkrm.org.mk/ користејќи ги следните корсничко име и шифра:<br><br>Корисничко име: petkopetkovski<br>Шифра: nkrsm2021 |

Откако ќе кликне на линкот, автоматски се отвара веб-страната со следниот текст: Порака

Вашата е-пошта е верификувана. Откако администраторот ќе ја одобри вашата сметка, ќе бидете известени преку е-порака и потоа ќе можете да ја користите сметката.




Администраторот на веб-страната во back-end-от на страната на новиот корисник му го одобрува пристапот на новиот корисник, односно го активира новиот профил со само еден клик:




Слика после активирање




Администраторот на веб-страната лично го известува новиот корисник дека профилот му е активиран по пат на е-маил или телефонски.